Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 и член 42 став (1) точка 2) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) и член 14 став (1) точка 2) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 12 мај 2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. На Друштвото за производство на електрична енергија БИОР ЕНЕРГИ ДОО експорт-импорт Тетово му се издава привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од хидроелектроцентрала МХЕЦ “РЕКА ЛИСЕЧКА - РЕЧИЦА 2”.

2. Привремената лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија е дадена во Прилог, којшто е составен дел на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

О б р а з л о ж е н и е

Друштвото за производство на електрична енергија БИОР ЕНЕРГИ ДОО експорт-импорт Тетово, со седиште на ул. “Маршал Тито” бр. локал 12 Тетово (во понатамошниот текст: Друштво), на 21 април 2022 година до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), во согласност со Правилникот за лиценци, поднесе Барање за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од хидроелектроцентрала МХЕЦ “РЕКА ЛИСЕЧКА - РЕЧИЦА 2”, УП1 бр. 12-99/22 од 21 април 2022 година (во натамошниот текст: Барање).

Согласно член 8, став (5) од Правилникот за лиценци, Регулаторната комисија за енергетика на 27 април 2022 година на својата веб страница објави Соопштение за поднесеното Барање.

На Друштвото му е издадено Одобрение за градење со кое се одобрува изградба на мала хидроелектричнацентрала “Река Лисечка-Речица 2” во Општина Тетово издадено од Министерство за транспорти врски бр.27 УП-505/2018 Е од 23 јануари 2019 година, со правосилност од 11 февруари 2019 година.

Друштвото има Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи МХЕЦ Речица 1 и МХЕЦ Речица 2 склучен меѓу Министерство за животна средина и просторно планирање со бр. 11-2171/1 од 27 март 2018 година и Друштвото, со период на важење од 23 години од влегувањето во сила и рок за изградба на објектите од 3 години од влегувањето во сила на Договорот (27 март 2021 година) и Анекс на Договор за концесија бр.11-3028/2 од 19 април 2022 година склучен помеѓу Влада на Република Северна Македонија и Друштвото, со кој рокот за изградба на објектите се продолжува до 12 септември 2022 година.

Друштвото има Дозвола за користење на вода за производство на електрична енергија и употреба на мала хидроелектрична централа на “Река Лисечка - Речица 2” на река Лисечка, Општина Тетово, Вардарско сливно подрачје, издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање со бр. УП1 бр.11/5-704/2017 од 22 март 2018 година.

Друштвото го достави Барањето и потребната документација наведена во член 7 и Прилог 1 точка 10.2, односно од Образецот БЛ 10.2 од Правилникот за лиценци, во оригинал и електронски во .pdf формат.

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање е потполно и согласно член 10, став (1) од Правилникот за лиценци изготви предлог - одлука за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија. Предлог - одлуката, согласно Решение за свикување на подготвителна седница бр.02-1144/1 од 5 мај 2022 година, беше предмет на расправа на подготвителната седница која се одржа на 9 мај 2022 година. На подготвителната седница немаше забелешки по предлог - одлуката од страна на присутните.

Регулаторната комисија за енергетика на 12 мај 2022 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 и член 42 став (1) точка 2) од Законот за енергетика* и член 14 став (1) точка 2) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од хидроелектроцентрала МХЕЦ “РЕКА ЛИСЕЧКА - РЕЧИЦА 2” на Друштвото за производство на електрична енергија БИОР ЕНЕРГИ ДОО експорт-импорт Тетово.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 Бр. 12-99/22**
**12 мај 2022 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**

**Прилог:**

**ПРИВРЕМЕНА ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ**
**ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. **Назив и седиште на носителот на привремена лиценца**
   Друштво за производство на електрична енергија БИОР ЕНЕРГИ ДОО експорт-импорт Тетово, со седиште на ул. "Маршал Тито" бр. локал 12 Тетово, Република Северна Македонија

2. **Енергетската дејност за која се издава привремена лиценца:**
   Производство на електрична енергија

3. **Евидентен број на привремена лиценца:** ЕЕ-ПРОИЗ-575-2022

4. **Единствен матичен број:** 7150920

5. **Единствен даночен број:** 4028016530057

6. **Локација на вршење на енергетската дејност**
   Носителот на привремената лиценца, енергетската дејност производство на електрична енергија ќе ја врши од хидроелектроцентрала МХЕЦ "РЕКА ЛИСЕЧКА - РЕЧИЦА 2" во Општина Тетово.

7. **Право на приклучување и пристап на системот за дистрибуција на електрична енергија**
   Носителот на привремената лиценца има право на приклучување и пристап на системот за дистрибуција на електрична енергија заради исполнување на условите за издавање на лиценца за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија во согласност со Законот за енергетика и во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

8. **Права, обврски и одговорности на носителот на привремена лиценца**
   Правата, обврските и одговорностите на носителот на привремената лиценца во врска со вршењето на енергетската дејност, неговото учество на пазарот на електрична енергија, начинот и постапката за доставување на извештаи за финансиското работење и начинот на извршување на дејноста, како и начинот и постапката за доставување на извештаи, информации и други податоци потребни за следење на функционирањето на пазарот на електрична енергија ќе бидат уредени со лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија.

**9. Производни капацитети со кои ќе се врши енергетската дејност**

Енергетската дејност производство на електрична енергија, ќе се врши од хидроелектроцентрала МХЕЦ "РЕКА ЛИСЕЧКА - РЕЧИЦА 2" со следните технички карактеристики:

а) назив на хидроелектроцентрала: МХЕЦ "РЕКА ЛИСЕЧКА - РЕЧИЦА 2"
б) моќност на хидроелектроцентрала: 1.105 kW
в) податоци за турбина:
- тип и производител: Пелтон хоризонтална,
- нето пад: Hn = 298,08 m
- ротациона брзина: 1000 rpm
- инсталиран проток: 0,44 $m^3/s$
- номинална моќност: 1.156 kW

г) податоци за генератори:
- тип и производител: синхрон, хоризонтален,
- номинална активна моќност: 1.105 kW
- номинална привидна моќност: 1.300 kVA
- Фактор на моќност: 0.85

ѓ) податоци за трансформатор:
- моќност: 1.300 kVA,
- номинален напон: 10,5(21)/0,4(0,69) kV/kV
- фреквенција: 50 Hz